Република Северна Македонија

**Министерство за образование и наука**

Бр. 27-10125/2
Датум 7.10.2020

**До:** Здружение на јавни службеници на Северна Македонија

**Предмет:** Одговор на предлог Иницијатива за Програмата за работа на Владата за 2021 година

Почитувани,

Од страна на Владата на Република Северна Македонија, до Министерството за образование и наука е доставена предлог Иницијатива за годишната Програма за работа на Владата за 2021 година, поднесена од Здружение на јавни службеници на Северна Македонија.

Во предлог Иницијативата, Здружението на јавни службеници на Северна Македонија предлага „правилно функционирање на еден од најважните и најголемите сектори во државата – образованието".

Во однос на изнесениот предлог Ве известуваме дека Министерството за образование и наука, целосно се залага за унапредување на квалитетот на образованиот систем во земјата. Оттаму најважните приоритети и цели во следниот период се суштински реформи во основното образование, јакнење на средните стручни училишта, подобрување на оценките на меѓународните тестирања коишто ќе станат наша национална гордост и враќање на достоинството на просветните работници. Во фокусот на Министерството останува и зајакнување на квалитетот на високото образование и вложувањето во научно-истражувачката дејност. Во таа насока Министерството за образование и наука ќе предложи неколку иницијативи во Програмата за работа на Владата за 2021 годин

Со почит,

**Министерка,**
**Мила Царовска**

Подготвил: Билјана Трајковска


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk